МАКЕДОНСКО АРХЕОЛОШКО ДРУШТВО

Наслов:
XXVI Симпозиум на Македонското археолошко друштво
книга со апстракти

Издавач:
Македонско археолошко друштво

Главен уредник:
Орданче Петров

Членови на организациски одбор:
Валентина Тодоровска
Александар Миткоски
Душко Цветанов
Игор Кузманоски

Лектор:
Александар Јорданоски

Компјутерска обработка:
Орданче Петров

Печати:
Стоби Трејд, ДООЕЛ Кочани

Тираж:
60 примероци

ISBN 978-608-67111-0-8

CIP - Каталогизација во публикација Национална и универзитетска
библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

902/904(497.7)(062)(048.3)

СИМПОЗИУМ на Македонското археолошко друштво (XXVI ; 2023 ; Охрид) XXVI
Симпозиум на Македонското археолошко друштво : (Конгресен центар, Охрид,
18-20 октомври 2023) : книга со апстракти = XXVIth Symposium of the
Macedonian archaeological association : (Congress centar, Ohrid, 18-20
october 2023) : book of abstracts. - Скопје : Здружение за
научно-истражувачки работи МАД Македонско археолошко друштво, 2023
(Кочани : Стоби Трејд). - 48 стр. ; 21 см

Текст на мак. и англ. јазик

ISBN 978-608-67111-0-8

а) Археолошки истражувања -- Македонија -- Собири -- Апстракти

COBISS.MK-ID 61907973

**XXVI СИМПОЗИУМ НА**
МАКЕДОНСКОТО АРХЕОЛОШКО ДРУШТВО
(Конгресен центар, Охрид, 18-20 октомври 2023)

---

**XXVI$^{th}$ SYMPOSIUM**
OF THE MACEDONIAN ARCHAEOLOGICAL ASSOCIATION
(Congress centar, Ohrid, 18-20 october 2023)

КНИГА СО АПСТРАКТИ / BOOK OF ABSTRACTS

Скопје / Skopje
2023

СРЕДА, 18 ОКТОМВРИ 2023

| | |
|---|---|
| 12:00 – 13:00 | Пријавување на учесниците |
| 13:00 – 13:15 | Свечено отворање на XXVI симпозиум на МАД |
| 13:15 – 13:45 | Промоција на *Maced. Acta archaeologica* број 25, промотор Сања Ивановска Велкоска |
| 13:45 – 16:00 | Коктел и ручек |

## **ПРВА СЕСИЈА (16:00-17:30)**

Претседавач Александра Папазовска

| | |
|---|---|
| 16:00 – 16:15 | СТОЈАНОВСКИ Дарко, ЛЕЈСИ Сара, НАЦЕВ Трајче, ДАНЕВ Александар -Узун Мера – минато, сегашност и иднина за Палеолитските истражувања во Источна Македонија |
| 16:15 – 16:30 | НАУМОВ Гоце - Почетокот на неолитот во Пелагонија и локалитетите Влахо, Врбјанска Чука и Велушка Тумба |
| 16:30 – 16:45 | СТОЈАНОВСКИ Дарко - Барутница – Амзабегово |
| 16:45 - 17:00 | СИНАДИНОВСКИ Перо - Археолошки ископувања на Цоцев Камен 1 |
| 17:00 – 17:15 | МАЧКОВСКИ Андреј, БОЛИГЕР Матијас, ФРАНЦУЗ Џон, РАЈХ Јоханес, ХОШТЕТЛЕР Марко, БАЛМЕР Аријан, НАУМОВ Гоце, ТАНЕСКИ Бојан, ТОДОРОСКА Валентина, ШИДАТ Сонке, ХАФНЕР Алберт - Дендрохронолошки истражувања во Охридско: нови сознанија за хронологијата на Плоча – Мичов Град во 5-ти и 2-ри милениум п.н.е. |
| 17:15 – 17:30 | Дискусија |

## ВТОРА СЕСИЈА (17:45-19:15)

Претседавач Гоце Наумов

| | |
|---|---|
| 17:45 – 18:00 | АРЏАНЛИЕВ Перо, ВЕРЧИК Марек, АТАНАСОВСКА ВРХЕЛ Невенка, ШМОЛКОВА Маркета - Реконструкција на моделот на населување во Охридско- струшката котлина во доцно бронзено и железно време- преку истражувањата на лок. Градиште Долно Лакочереј |
| 18:00 – 18:15 | КУЗМАН Паско - Некропола од железно време на Плаошник во Охрид |
| 18:15 – 18:30 | ТОДОРОСКА Валентина, Папазоска Александра, Танески Бојан, Василеска Цветлана, Петров Орданче - Подводни археолошки истражувања 2021-2023 на Врбник кај Струга |
| 18:30 – 18:45 | ПАПАЗОВСКА Александра - Археолошки перспективи и апсолутни дати кај погребувањата во урни на некрополата Мали Дол -Тремник |
| 18:45 – 19:00 | ЧАУСИДИС Никос - Доцноархајските погребни маски од Македонија – генеза и семиотика |
| 19:00 – 19:15 | Дискусија |

ЧЕТВРТОК, 19 ОКТОМВРИ 2023

## ТРЕТА СЕСИЈА (9:00-10:15)

Претседавач Александра Николовска

| | |
|---|---|
| 9:00 – 9:15 | МИТРЕВСКИ Драги – Кога и како била градена кралската палата во Билазора |
| 9:15 – 9:30 | ЛИЛЧИЌ АДАМС Виктор, ТРЕНЕСКИ Горан - Елементи за убикација на Билазора на Велешко Кале, Велес |
| 9:30 – 9:45 | ЃОРЃИЕВСКИ Дејан, ПЕТКОВСКИ Мирослав - Резултати од ископувањата на хеленистичката населба на Градиште, Мл. Нагоричане (2018-2023 г). |

9:45 –10:00 ДОНЕВСКИ Јаким, ДОНЕВ Дамјан - Нови раноантички наоди од Кратово.

10:00 –10:15 Дискусија

## ЧЕТВРТА СЕСИЈА (10:30-11:45)

Претседавач Паско Кузман

10:30 –10:45 АРЏАНЛИЕВ Перо - Истражувања на лок. Гимбабица 2018-2023, некропола од хеленистички период во Преспанскиот регион

10:45 –11:00 ВАСИЛКОВА МИДОСКА Анита - МЕДУЗА ВО ПОДЗЕМЈЕТО: Гробот 115 од некрополата на локалитетот Кале/Градиште, село Згрополци

11:00 –11:15 ЃОРЃИЕВСКА Лидија - Гробот 129 од некрополата на локалитетот Кале/Градиште, село Згрополци

11:15 –11:30 КРСТЕСКИ Владимир, МИТКОСКИ Александар, ТЕМЕЛКОСКИ Душко, ЈАНДРЕСКА Оливера - Гробници издлабени во карпа во Прилепскиот регион

11:30 –11:45 Дискусија

## ПЕТТА СЕСИЈА (12:00-13:30)

Претседавач Анита Василкова Мидоска

12:00 –12:15 НИКОЛОСКА Александра - Неколку римски реинтерпретирани скулптури од Македонија

12:15 –12:30 ПАВЛОВСКИ Гоце - Истражувања на театарот во Стоби во периодот од 2020 до 2023 година

12:30 –12:45 СЕКУЛОВ Ване - Ритуално “убиеното“ оружје од Црвено Поле.

| | |
|---|---|
| 12:45 –13:00 | КУЗМАНОСКИ Игор - Прилози со апотропејско-профилактички карактер во детските гробови од Југоисточната некропола во Скупи |
| 13:00 –13:15 | ИВАНОВА Јулијана - Римските кремации на Коколов рид - истражувања 2015-2022 год. |
| 13:00 –13:15 | Дискусија |

**ШЕСТА СЕСИЈА (16:00-17:30)**

Претседавач Игор Кузманоски

| | |
|---|---|
| 16:00 –16:15 | АНГЕЛОВСКИ Бошко и НАЦЕВ Трајче - Рударството во праисторијата и антиката во Р.С. Македонија |
| 16:15 –16:30 | ЛИЛЧИЌ АДАМС Виктор, ЈАКИМОВСКИ Антонио, ШИРТОВСКИ Игор, ТРЕНЕСКИ Горан - Елементи за убикација на античките градови: Идомене на Исар, Марвинци и Добер на Исар, Валандово |
| 16:30 –16:45 | ТЕМЕЛКОСКИ Душко, МИТКОСКИ Александар, КРСТЕСКИ Владимир, ЈАНДРЕСКА Оливера - Зашитни археолошки истражувања на локалитетот Манастирче, Кадино село |
| 16:45 –17:00 | КОВАНЏАЛИЕВ Златко - Стоби - истражувања на просторот помеѓу Теодосијанска палата и објектот Затвор во 2019 година |
| 17:00 –17:15 | ЏИДРОВА Љубинка, МИХАЈЛОВСКИ Роберт - Партениус и неговото време |
| 17:15 –17:30 | Дискусија |

## СЕДМА СЕСИЈА (17:45-19:15)

Претседавач Гоце Павловски

| | |
|---|---|
| 17:45 – 18:00 | SNIVELY Carolyn, SANEV Goran - Recent discoveries at Golemo Gradište, Konjuh, Kratovo |
| 18:00 – 18:15 | РИСТОВ Киро - Таор - северозападна кула |
| 18:15 – 18:30 | ЃОРЃИЕВСКИ Дејан, ПЕТКОВСКИ Мирослав - Градиште, с. Пчиња, Бислимска Клисура. Доцноантичка црква и фортификација. |
| 18:30 – 18:45 | ЛИЛЧИЌ АДАМС Виктор, АТАНАСОВ Владимир, ШИРТОВСКИ Игор, ИЛИЕВСКИ Александар, ИЛИЕВ Јовица, СТОЈАНОВСКИ Антонио - Кула, Бабино, античка аргеадска и антигонидска воена база на Еригон |
| 18:45 – 19:00 | ИВАНОВИЌ Радомир - Осврт кон геофизичките истражувања спроведени од Археолошки музеј |
| 19:00 – 19:15 | Дискусија |

ПЕТОК, 20 ОКТОМВРИ 2023

## ОСМА СЕСИЈА 8 (9:00-10:30)

Претседавач Каролина Снајвли

| | |
|---|---|
| 9:00 – 9:15 | САНЕВ Горан - Градиште Неготино, садова керамика од класичниот период |
| 9:15 – 9:30 | KOPERKIEWICZ Arkadiusz, SEKUNDA Nicholas - The Hellenistic 'Herdraumhaus' in Sector C5, Negotino Gradište |
| 9:30 – 9:45 | MOSIEJCZYK Jakub - Preliminary results from Negotino Gradište research 2019-2022 – archaeological and environmental data from sector D5. |
| 9:45 –10:00 | ГЕРАСИМОВСКА Дафина, ПЕТРОВ Орданче – Бела Земја, Пепелиште, резултати од истражувања 2013 – 2017 година |

| | |
|---|---|
| 10:00 –10:15 | ЛИЛЧИЌ АДАМС Виктор, ФАСОЛО Микеле, ЈАКИМОВСКИ Антонио, ТРЕНЕСКИ Горан - Via Axia во античката епоха |
| 10:15 –10:30 | Дискусија |

## ДЕВЕТА СЕСИЈА 9 (10-45:12-30)

Претседавач Орданче Петров

| | |
|---|---|
| 10:45 –11:00 | ШТЕРЈОВ Митко, СЕРАФИМОВА Маринела - Извештај од истражувања на локалитетот Пилав Тепе – Северна Некропола 2021 - 2023 |
| 11:00 –11:15 | ЦВЕТАНОВ Душко - Археолошки истражувања на локалитетот Св. 40 Севастиски Маченици – с. Банско, о. Струмица, 2023 година |
| 11:15 –11:30 | ЏИДРОВА Љубинка - Угоре по скалилата до рајот |
| 11:30 –11:45 | АТАНАСОВ Раде - Систематски археолошки ископувања на локалитетот Циганска Затока, нас. Брушани, Тиквешко Езеро, Кавадарци |
| 11:45 –12:00 | АТАНАСОВА Илинка - Прилог кон средновековниот накит во Македонија |
| 12:00 –12:15 | СЛАМКОВ Емил - Погребувања од средниот век на Вардарски Рид-античка Гортинија |
| 12:15 –12:30 | Дискусија |
| 12:30 | Затворање на XXVI Симпозиум на Македонското археолошко друштво |

## *Среда, 18.10.2023*
## *прва сесија, 16:00 - 17:30*

*СТОЈАНОВСКИ Дарко, ЛЕЈСИ Сара, НАЦЕВ Трајче, ДАНЕВ Александар*

### Узун Мера - минато, сегашност и иднина за Палеолитските истражувања во Источна Македонија

Сознанијата за палеолитот источно од Вардар засега се засноваат исклучиво на истражувањата на локалитетот Узун Мера кај селото Мустафино во централниот дел на Овче Поле. Палеолитските локалитети од отворен тип, каков што е Узун Мера, се познати по своите специфики и тешкотии при проучувањето, особено при интерпретацијата. Сепак, во текот на седумте последователни сезони на овој локалитет дојдовме до значителни резултати кои го трасираат патот за натамошен развој на палеолитската археологија во овој регион. Во таа смисла, вака е формулирана и оваа генерална презентација на локалитетот, почнувајќи од историјатот на истражувања од почетокот па до 2023 година, потоа следува посебен осврт на една поразлична сезона со рекогносцирање во текот на летото 2023 година и завршува со обидите за проширување на контекстот на проучување и можностите за развој во иднина.

*НАУМОВ Гоце*

### Почетокот на неолитот во Пелагонија и локалитетите Влахо, Врбјанска Чука и Велушка Тумба

Приложени се повеќе хипотези за почетокот на неолитот во Пелагонија, но и воопшто во Македонија. Тие даваат првични согледувања за времето и начинот на формирање на првите неолитски заедници во овој регион. Меѓутоа, интензивните мултидисциплинарни истражувања што се вршат во последната декада во Пелагонија даваат ново светло врз процесите на неолитизацијата во оваа котлина, но и за оние коишто се однесуваат на Балканот. Теренските ископувања и кабинетските проучувања поврзани со локалитетите Влахо, Врбјанска Чука и Велушка Тумба во голема мера го збогатија фондот на податоци, кои сега поаргументирано објаснуваат кога, како и на кој начин се населиле првите земјоделци во Пелагонија. Добиените

сознанија од ископувањето, геофизичкото скенирање, геоархеолошките, археозоолошките, археоботаничките, антрополошките и радиокарбон анализите, како и проучувањето на липидите, изотопите, артефактите и функциите на алатките, дава сосема нови перспективи за хронологијата, архитектурата, стопанството, занаетите, исхраната и обредите во раниот неолит, односно за периодот меѓу 6400 и 5800 год. пр. н.е. Овие сознанија воедно ги ревидираат и теориите за почетокот на неолитот во Македонија, но и на Балканот, и тоа особено правците на неолитизацијата, што, пак, отвора простор за продлабочени дискусии во рамките на предисториската археологија.

*СТОЈАНОВСКИ Дарко*

## Барутница - Анзабегово

Локалитетот Барутница кај с. Анзабегово е одамна познат и признат во археолошката наука како еден од најважните локалитети во централното балканско подрачје за изучување на процесот на неолитизација и целокупниот развој на првите неолитски заедници во овој регион, сѐ до појавата на металот. Последните истражувања на Барутница биле во далечната 1969/70, од што произлегле неколку значајни публикации. Дел од овие истражувања го трасирале патот за интердисциплинарен пристап во археолошката наука во Македонија. За жал, и покрај неоспорената важност, овој локалитет не бил предмет на интерес во наредните 50 години. Во 2019 ги обновивме истражувањата на Барутница кои траат веќе пет сезони во континуитет. Овие истражувања се од мултидисциплинарен и меѓународен карактер, вклучувајќи специјалисти од четири европски земји. Овде презентираме генерален преглед на новата истражувачка кампања со дел од досега добиените резултатите во смисла на стратиграфија, динамика на населување и материјална култура, опфаќајки го целокупниот развој на локалитетот од најраниот неолит до II век од н.е.

*СИНАДИНОВСКИ Перо*

## Археолошки ископувања на Цоцев Камен 1

Во 2019 година при работа со градежна механизација на една парцела која се наоѓа на околу 500 m јужно од карпата Цоцев Камен беа зафатени праисториски културни хоризонти. Во 2022 година на истото место беа

преземени археолошки ископувања со цел да се детектира културно-хронолошката припадност на слоевите и движниот материјал. Со истражувањата во таа кампања јасно се издвоија два културни слоја кои според материјалот припаѓаат на доцниот и раниот енеолит. Во постариот слој беа откриени остатоци од земјанка којашто влегуваше во југозападниот профил и не можевме да ги добиеме нејзините димензии. Поради тоа, во 2023 година повторно ископувавме на истото место, со тоа што ја продолживме сондата кон југоисток. Со таа кампања земјанката беше откриена во целост, како и помошната просторија која се наоѓа на западниот дел.

*МАЧКОВСКИ Андреј, БОЛИГЕР Матијас, ФРАНЦУЗ Џон, РАЈХ Јоханес, ХОШТЕТЛЕР Марко, БАЛМЕР Аријан, НАУМОВ Гоце, ТАНЕСКИ Бојан, ТОДОРОСКА Валентина, ШИДАТ Сонке, ХАФНЕР Алберт*

## Дендрохронолошки истражувања во Охридско - нови сознанија за хронологијата на Плоча - Мичов Град во V и II милениум пр. н.е.

Локалитетот Плоча - Мичов Град е еден од најпознатите праисториски подводни локалитети во Македонија. Истражувањата од 1990-тите и раните 2000-ти години го потврдија присуството на илјадници добро зачувани дрвени колци во езерското дно, остатоци од некогашните праисториски градби. Во 2018 и 2019 година беа спроведени нови подводни истражувања на површина од речиси 100 $m^2$, при што, покрај останатиот броен археолошки материјал, беа документирани 799 дрвени елементи. Од овие дрвени елементи беа земени примероци во форма на напречни дискови за дендрохронолошки анализи. Видот на дрво беше определен на сите примероци, а ширините на годовите беа измерени на 735 примероци. Дендрохронолошкото синхронизирање на сличните низи на ширини на годовите од поединечни дрва овозможи создавање долги серии на со средни ширини на годови или т.н. хронологии на годови (tree-ringchronologies). Кога се работи за хронологии на годови од современи дрва или од недалечното минато, секој год може точно да се определи во која календарска година е оформен, со што и гредите од стари објекти можат апсолутно да се датираат. Но праисториските хронологии на годови, иако меѓусебно се синхронизираат со годишна прецизност, не можат да бидат апсолутно датирани со оглед на тоа дека не постои непрекината референтна хронологија на годови на Балканот која се протега од денес, па сè до праисториските периоди. Сепак, комбинирањето на дендрохронолошките податоци со радиокарбонатно датирање овозможува неколкукратно поголема хронолошка прецизност во споредба со обично радиокарбонатно датирање без дендрохронолошки

информации. Комбинираните хронометрички резултати укажуваат на постоење на најмалку 5 фази на локалитетот, од кој најдобро е претставена фазата од средината на V милениум пр. н.е., потоа фазата кон крајот на V милениум, по што следуваат фази во II милениум пр. н.е.: околу 1800, 1400 и 1300 год. пр. н.е. Забележителен е и можен тренд во употребата на различни видови дрва во различни периоди, па така во енеолитските фази, по дабот, најзастапена е фојата (род смреки), па боровите и незначителен број црн габер. Во подоцнежните, бронзенодопски фази, доминираат дабовите и боровите, па дрво од црн габер и помал број јасенови стебла.

***Среда, 18.10.2023***
***втора сесија, 17:45 - 19:15***

*АРЏАНЛИЕВ Перо, ВЕРЧИК Марек, АТАНАСОВСКА ВРХЕЛ Невенка, ШМОЛКОВА Маркета*

**Реконструкција на моделот на населување во Охридско-струшката Котлина во доцното бронзено и железното време преку истражувањата на локалитетот Градиште - Долно Лакочереј**

Интердисциплинарните истражувања кои ги спроведуваме во Охридскиот Регион даваат одлична можност да се проучи човековото влијание врз менување на физичкото опкружување. Тектонската активност, заедно со климатските промени, се најсудните фактори кои придонесуваат во долгорочната динамика на пределот. Теренските истражувања беа сконцентрирани на алувијалните рамнини на северното езерско крајбрежје, каде што археолошките наоди потврдуваат рана човечка окупација, барем од неолитското време. Оваа низинска област се смета за чувствителна на флуктуацијата на нивото на езерото (тектонски и/или климатски управувана), нешто што доведува до една специфична организација на населбите во регионот во првата половина на I милениум пр. н.е. Досегашните сознанија за полното железно време во Охридскиот Регион ги добивавме, главно, од некрополите (Плаошник, постара фаза Требениште) и од палафитната населба Врбник, со што постои една празнина во истражувањата на населбите од овој период. Заради тоа,

но и за да ја разбереме подобро таа организација на населбите, се појави потреба од сондажни истражувања на одредени населби кои припаѓаат на наведената хронолошка рамка.

Врз основа на интензивните рекогносцирања и геофизичките снимања во регионот кои беа спроведени претходно, како најдобра населба за такви истражувања беше избран археолошкиот локалитет Градиште кај с. Долно Лакочереј. Локалитетот Градиште е регистриран во Археолошката карта на Република Македонија како населба од бронзеното време. Се наоѓа на 2 km западно од селото Долно Лакочереј на една доминантна зарамнета тумба со елипсовиден облик, развлечена во правец исток - запад. Тука ќе бидат претставени првичните резултати од истражувањата на локалитетот со кои добивме значајни сознанија за организацијата на населбите и животот во регинот во периодот од доцното бронзено време и полното железно време.

*КУЗМАН Паско*

## Некропола од железно време на Плаошник во Охрид

Во воведниот дел се презентира општа слика за појавата и распространетоста на досега констатираните праисториски места на просторите од повисокиот западен дел на Охридски Рид, а потоа, главно, со статистички податоци се отсликува состојбата на зарамнетиот терен од Плаошник, јужно од ѕидините на Самуиловата тврдина/цитадела. Во оваа смисла, се дава сумарна состојба на праисториските јами и одделни наоди со хронолошка растегливост од крајот на бронзеното време до крајот на архајскиот период. Главната тема е всушност некрополата од железното време со гробни и вонгробни археолошки показатели, откривана со систематмските археолошки истражувања изведувани во рамките на реализацијата на проектот Возобновување на комплексот „Светиклиментов Универзитет“ во времето од 2007 - 2014 година. Притоа, откриени се 46 гробни конструкции -цисти со инхумирани покојници и едно погребување со инхумација на дете во поголем керамички сад во згрчена положба. Неколку од гробовите се богати со прилози, а за одбележување е присуството на златни салталеони и особено присуството на култните предмети познати во археолошката наука како македонски бронзи кои за првпат како гробни прилози се јавуваат во Охридскиот Регион. Хронолошката рамка на овие погребувања на Плаошник во Охрид е VII век пр. н.е., што се совпаѓа со показателите за постоење населба од тој период северно и североисточно од некрополата, на просторот од повисокиот Охридски Рид - Ич Кале.

*ТОДОРОСКА Валентина, Папазоска Александра, Танески Бојан, Василеска Цветлана*

## Подводни археолошки истражувања 2021 - 2023 година на Врбник кај Струга

Иако најраните сознанија за локалитетот Врбник датираат од 80-тите години на минатиот век и е веќе познат на археолошката и пошироката јавност заради комплексноста, пристапноста и начинот на работа, сѐ уште се вршат археолошки истражувања. Фокусот на оваа презентација е ставен на истражувањата 2021-2023 година и резултатите добиени со употреба на различни методологии и новите технологии. Преку употребата на дендрохронологијата и радиокарбонските анализи се прави обид да се стигне до одговорот на прашањата поврзани со димензиите и организацијата на оваа населба, како и начинот на подигање на платформата или куќите индивидуално.

*ПАПАЗОВСКА Александра*

## Археолошки перспективи и апсолутни дати кај погребувањата во урни на некрополата Мали Дол -Тремник

Во овој труд ќе се осврнам на погребувањата со кремации и ќе ги разгледам нивните карактеристики и специфики проследени преку најновите сознанија добиени со интердисциплинарните истражувања на локлитетот Мали Дол, особено во последните 5 години. Во оваа фаза на истражувања може да се издвојат 25 гроба со ритуал на погребување со кремација, од кои 24 погребувања се во урни и има само една слободна кремација. Карактеристична и особено значајна за напомена е и појавата на остеолошки остатоци од кремиран покојник во рамките на два гроба со инхумација во згрчена положба во камена конструкција - циста.

На некрополата Мали Дол погребувањата со кремации биле формирани со поставување на остатоците од кремираниот покојник во урна, која е затворена со капак и потоа положена во јама вкопана во здравицата. Врз основа на гробната форма (т.е. конструкција), може да издвоиме пет типа погребувања со кремации. Она што е од особено значење за овој тип погребувања се најновите сознанија добиени преку радиокарбонски анализи (С-14), со кои се добиени нови дати за апсолутна хронологија на употребата на оваа практика на погребување на некрополите со погребувања во урни. Овие дати ја менуваат нашата перцепција за појавата на овие погребување и нивната улога кон крајот на бронзеното време.

*ЧАУСИДИС Никос*

**Доцноархајските погребни маски од Македонија - генеза и семиотика**

Во изминативе стотина години се публикувани неколку десетина научни трудови специјално посветени на овие предмети, а судејќи според нивните наслови, дури и на посочените аспекти. Но наспроти тоа, самата содржина на овие трудови, главно, е пренасочена од суштествениот симболички, т.е. религиски карактер на предметите кон една сосема друга сфера, т.е. прашањето од која култура е преземен феноменот на покривање со златни маски на лицето на покојникот. Овие анализи на крајот се сведуваат на дискусии и полемики околу етничкото потекло на носителите на овие предмети или предлагањето хипотези за тоа кои етноси имале решавачки удел во конститутирањето на овој обичај во Македонија (Хелини, Пајонци, Македонци, Бриги, Тракијци, Илири, Египќани, Феникијци итн). Наместо посочените етнокултурни аспекти, нашето истражување ќе се фокусира на оние кои се најсуштестевени за овие наоди - симболичките и религиските, при што ќе бидат предложени толкувања околу митската и религиската смисла на чинот на покривање на лицето на покојникот со златна маска. Во однос на генезата на овие предмети, односно нивната ненадејна појава во Македонија во втората половина на VI век пр. н.е., ќе бидат разгледани два модела: за прототиповите на погребните маски изработени од органски материјали и за погребните маски комбинирни од златни покривки на одделните делови од лицето (очи, уста, нос, чело). Во рамките на семиотичките истражувања ќе бидат разработени неколку концепти од кои во преден план ќе биде ставен космолошкиот, кој се заснова на изедначувањето на лицето на покојникот со вселената. Како аргументи во прилог на тоа ќе бидат приложени обемни иконографски паралели, но и древни пишани извори во кои јасно се апострофира на верувањето дека по смртта елементите од телото на починатиот повторно се враќаат во вселената (нивното матично место), изедначувајќи се со конкретни космички елементи: главата со небото, очите со небеските тела, здивот со ветерот, месото со земјата, коските со камењата, крвта со водата.

## ***Четврток, 19.10.2023***
## ***трета сесија, 9:00 - 10:15***

*МИТРЕВСКИ Драги*

**Кога и како била градена Кралската палата во Билазора**

Овде ќе бидат презентирани новите резултати од истражувањето на кралската палата на археолошкиот локалитет Градиште кај селото Кнежје. Новите ископувања нудат податоци за презицирање на востановената хронологија и начин на градење.

*ЛИЛЧИЌ АДАМС Виктор, ТРЕНЕСКИ Горан*

**Елементи за убикација на Билазора на Велешкото Кале, Велес**

За убикацијата на античкиот град Билазора во науката се пласираа две хипотези. Фанула Папазоглу врз основа на историските извори (Полибиј и Тит Ливиј) во 1957 година го истакна како кандидат градот Велес. Иван Микулчиќ врз основа на недоволните археолошки податоци од Велешкото Кале, а богатиот раноантички културен хризонт на Градиште - Кнежје во 1976 година се определи за Кнежје. Долгогодишните археолошки истражувања што ги реализиравме на просторот околу Велес и северно од Свети Николе, недвосмислено се усогласија со податоците на Полибиј и Тит Ливиј и посочија на Велешкото Кале како сериозен кандидат за убикацијата на Билазора.

*ЃОРЃИЕВСКИ Дејан, ПЕТКОВСКИ Мирослав*

**Резултати од ископувањата на хеленистичката населба на Градиште - Младо Нагоричане (2018 - 2023)**

Во периодот од 2018 година Музеј - Куманово се концентрира на ископување на различни сектори на населбата со цел да се добие поцелосна слика за карактерот на наоѓалиштето. Утврдено е дека акрополниот дел бил користен за градење на еден голем резиденцијален објект - палата (која

беше претпоставена уште со првичните ископувања), средишната тераса била користена за изградба на внатрешен бедем, и тоа во неколку фази, додека карпестиот долен дел од ридот бил користен за ритуални дејствија. Сознанјата зборуваат за развиена населба од времето на хеленизмот со блиски врски со Егејскиот Брег и со директни паралели со македонските градски центри од Егејот.

*ДОНЕВСКИ Јаким, ДОНЕВ Дамјан*

**Нови раноантички наоди од Кратово**

При изведба на градежни зафати - поставување водоводна мрежа во непосредната близина на Симиќевата Кула во Кратово, неодамна било исфрлено помало количество движни археолошки наоди. Се работи за фрагменти од неколку керамички садови што биле пронајдени од страна на еден од авторите во исфрлениот куп земја по завршувањето на градежните работи. Целта на предложеново излагање е да ги претстави овие наоди пред стручната јавност. Иако скромни по обем и од несигурен контекст, некои од пронајдените предмети се хронолошки мошне податливи и фрлаат светло врз еден период од минатото на градот Кратово кој досега само се насетуваше. Во вториот дел од излагањето ќе се направи обид да се сумираат досега познатите факти за археолошките остатоци од раната антика во Кратово и Кратовско со цел новооткриените наоди да бидат согледани во еден поширок контекст.

***Четврток, 19.10.2023***
***четврта сесија, 10:30 - 11:45***

*АРЏАНЛИЕВ Перо*

**Истражувања на локалитетот Гимбабица 2018 - 2023 година, некропола од хеленистички период во Преспанскиот Регион**

Археолошкиот локалитет Гимбабица се наоѓа на 5 km северозападно од Ресен. Претставува долга тераса, на рид кој се издига cca 5 - 7 m над регионалниот пат кој

ги поврзува градовите Ресен и Охрид. Се наоѓа на од 930 m н.в. Некрополата била случајно откриена 1953 година при изградба на модерниот пат кој ги поврзува градовите Ресен и Охрид. Тогаш биле откриени два гроба со гробни прилози од хеленистичкиот период. Археологот Васил Лахтов од Народниот музеј во Охрид го регистрирал откритието и ги собрал наодите кои и ден денешен се чуваат во Музејот во Охрид. Ова откритие, за жал, беше регистрирано само во Археолошката карта на Република Македонија и досега не е публикувано. Во периодот од 2018 - 2023 година се изведени пет истражувачки сезони од страна на стручен тим од Археолошкиот музеј во Скопје и се откриени вкупно 15 гробни целини од хеленистичкиот период. Поради низа историски околности Преспанската Котлина до денешен ден останува празнина на Археолошката карта на Република Македонија и поширокиот регион. Оваа ситуација не може да ја одразува реалната слика со археолошкото наследство на овој простор. Регионот на Преспа од три страни е опкружен со региони надалеку прочуени по богатото културно-историско наследство, чии корени досегаат длабоко во праисторијата. Пелагонија, Корчанскиот и Охридскиот Басен отсекогаш биле густо населени региони со кои доминирале значајни градски центри. Преспанскиот крај не заостанува многу во однос на соседните микрорегиони по однос на климатските и хидролошките услови, теренот, плодноста на почвите и другите природни богатства. Со започнувањето на истражувањата на археолошкиот локалитет Гимбабица кај с. Избишта, Ресен, се покрива одреден дел од таа празнина. Со овие систематски археолошки истражувања на оваа некропола се дојде до одредени сознанија за погребните обичаи и ритуалот на погребување во овој регион.

*ВАСИЛКОВА МИДОСКА Анита*

## МЕДУЗА ВО ПОДЗЕМЈЕТО - гробот 115 од некрополата на локалитетот Кале/Градиште, село Згрополци

Згрополското Градиште/Кале претставува висока и пространа флувијална тераса поставена меѓу десниот брег на Вардар и левиот брег на Скачинска Река, при нејзиното устие во Вардар долж старата и новата траса на меѓународниот пат Е-75. По својата диспозиција се состои од Градиште со неправилна триаголна форма, со акропол на највисоката позиција и две пониски тераси оформени северно и јужно од неа и некропола, лоцирана западно и југозападно од Градиштето, којашто е и најистражениот дел од овој локалитет. Во античката топографија на Македонија локалитетот е идентификуван со античката населба Гурбита (Gurbita) забележана на Tabula Peutingeriana, лоцирана на 8 римски милји северно од Стоби на

Вардарскиот пат.

Предмет на оваа презентација е гробот 115 откриен со истражувањата во 2017 година, а којштo се состои од богати гробни прилози кои ја отсликуваат социјалната и религиозна структура на покојникот. Покрај стандардните гробни наоди, кои се обележје на оваа некропола (унгвентариуми, лакримариуми, пиксиди, бокали, ехинуси, теракотни фигурини и др.), како дел од гробниот репертоар на овој гроб се откриени и гробни прилози кои навлегуваат во подлабоките слоеви на религиозниот живот особено во сферата на подземјето рефлектирана преку неколку наоди. Во таа смисла, како дел од гробните прилози на гробот 115 би ги издвоиле керамичките медалјони со претстава на Медуза и релјефните претстави на лавји протоми.

Покрај стандардната презентација на археолошките и типолошките карактеристики на гробот со оваа презентација преку проучување на археолошките предмети ќе бидат презентирани проблематиките кои се однесуваат на археолошката, социолошката и антрополошката сфера на локалитетот со особен осврт на следниве проблематики:

- Кои се патеките на движење и влијание на овој тип гробни прилози?
- Како ја отсликуваат одредени претстави проблематиката на богатата митологија на подземјето?
- Која е релацијата на Медуза со подземјето и како овој аспект бил перцепиран од античкото население на овој локалитет и пошироко?

*ЃОРЃИЕВСКА Лидија*

## Гробот 129 од некрополата на локалитетот Кале/Градиште, с ело Згрополци

Археолошкиот локалитет Кале/Градиште - Згрополци кај велешкото село Згрополци е терасесто поставен на возвишение меѓу реките Вардар и Скачинска Река, лоциран веднаш до меѓународниот пат Е-75. Локалитетот се состои од градиште, односно насеба и некропола.

Со истражувањата е утврдено дека животот на населбата започнал околку VIII - VII век пр. н.е, живее низ сите периоди на антиката, а животот на населбата замрел некаде во IV век од н.е.

Истражувањата на југозападната некропола започнуваат уште во 1992 година, а од 2008 година па сè до денес овој дел од локалитетот континуирано се истражува со повремени прекини. Досега се истражени 146 гроба и кај сите е применет ритуалот на кремација со исклучок на 4 гроба со инхумирани покојници.

Со археолошките истражувања во 2018 година на овој дел од

некрополата се откриени повеќе гробови со различни гробни конструкции, а во оваа презентација посебен акцент ќе ставиме на гробот 129. Гробот има правоаголна форма - техника на градење сувоѕид, каде ја искористиле карпата и речните камења. Тампониран со црвена земја - глина, која го сугерира ритуалот на пурификација на гробната јама. Гробот има и маркер кој има форма на аморфен камен, а застапен е ритуалот на кремација. Според гробните прилози кои вклучуваат теракотни фигурини, пиксиди, унгвентариуми, луцерни, садови, метални предмети, накит и др. овој гроб претпоставуваме дека припаѓал на жена. Од градежно-архитектонски аспект гробот е поврзан со гробот 117 кој според гробните прилози припаѓал на маж, а според нумизматичките наоди хронолошки се врзува со периодот на II - I век пр. н.е.

Со начинот на градење, ритуалот при погребување и гробните наоди на овој локалитет може да забележиме културолошки влијанија од позначјаните центри на Балканот, како што се Пела, Амфиполис, Дион и некои локалитетит од денешна Северна Грција, а ваков тип некрополи/гробови во поблиското опкружување делумно се евидентирани и во Стоби и Видин Град - Виничани.

*КРСТЕСКИ Владимир, МИТКОСКИ Александар, ТЕМЕЛКОСКИ Душко, ЈАНДРЕСКА Оливера*

## Гробници издлабени во карпа во Прилепскиот регион

Гробниците издлабени во карпа претставуваат специфичен тип објекти за погребување кои на територијата од денешна Република Македонија се појавуваат на преминот од III во II век пр. н.е. Најчесто се состојат од три дела: дромос, преткомора и комора и биле вечен дом на поимотни, како и на луѓе со повисок општествено-политички статус.

Најголема концентрација на евидентирани гробници издлабени во карпа има во северниот дел од Пелагонија, односно во прилепскиот дел од котлината (вкупно 22). Поаѓајќи од запад кон исток, долж нејзиниот северен раб, може да се следи нивната позиционираност на следните локалитети: Разбојна Дупка, с. Алданци (една), Марков Чардак - потег Грло, с. Бело Поле (две), Сурун - потег Испраена Плоча (две), Сурун - потег Тумба (пет), Големи Камења (една), Вирила (една) и Грло (една), сите во атарот на Горно село, Гумење, манастир Трескавец (една), Кукул - потег Визбата, Прилеп (една), Кукул - потег Горни Чаир, Прилеп (една), Дабоиќ - Мечкина Дупка, Варош, Прилеп (две), Караташ, Прилеп (една) и Крклари, Прилеп (три).

Дромосите во зависност од формата на карпата имаат различни

должини, преткоморите и коморите имаат правоаголна основа, додека таваните се лачно засводени, а поретко имаат свод на две води. Гробниците од локалитетите Гумење, Караташ и Разбојна Дупка немаат преткомори.

Со оглед на тоа што гробниците се отворени во минатото, пронајдени се мал број предмети кои припаѓале на погребаните покојници или биле положувани како гробни дарови. Присутни се карактеристични облици на керамички садови за доцномакедонскиот период (стамнос, ехинус чинии, киликс), а од други наоди се издвојуваат теракотна кутија - тропалка од Сурун - Испраена Плоча и теракотна биста на жена и керамичко бокалче од една од гробниците на локалитетот Крклари.

Освен во Прилепскиот Регион, на територијата од Република Македонија гробници од овој тип се откриени на уште три локалитети. Пет се истражени на локалитетот Исар кај гевгелиското село Марвинци, три на локалитетот Дибек во близина на битолското село Суводол и најсеверно позиционираната позната гробница на локалитетот Дупка кај Кратово.

Со доистражување на сите евидентирани гробници издлабени во карпа во Прилепскиот Регион се добива целосна претстава за нив (за изгледот и параметрите на нивните архитектонски елементи), со што од научен аспект се заокружува еден сегмент поврзан со карактеристичното погребување во нив.

## *Четврток, 19.10.2023*
## *петта сесија, 12:00 - 13:30*

*НИКОЛОСКА Александра*

### Неколку римски реинтерпретирани скулптури од Македонија

Римската скулптура има видно место меѓу материјалното културно наследство на Македонија. Изнедрени се голем број скулптури кои заслужуваат поголемо внимание, било да се увезени или локално произведени. Судејќи по изобилството наоди во одредени региони, но и по стилот на изработка, може да се лоцираат и локалните работилници.

Во оваа прилика станува збор за неколку локално произведени скулптури од Стоби, Хераклеја Линкестис и Стибера, откриени во минатиот век, објавувани неколкупати, кон кои е нужно повторно да се осврнеме со цел да се понудат нови толкувања. Во согласност со ова, се отвара

прашањето на методолошкиот пристап при идентификацијата на, пред сѐ, митолошката скулптура, но и на генералните параметри со кои поточно се определува претставата и стилот. Преку разгледување на атрибутите и споредливата иконографија со други скулптури од локалното и поширокото римско наследство, се добива нова перспектива на согледување.

*ПАВЛОВСКИ Гоце*

## Истражувања на театарот во Стоби во периодот од 2020 до 2023 година

Археолошките ископувања на театарот во Стоби се дел од поширокиот проект на НУ Стоби за конзервација, реставрација и доистражувања на објектот кој е започнат во 2013 година. Истражувањата се одвиваат паралелно со конзерваторските зафати, со што се овозможува компатибилност меѓу двата процеса на откривање и заштита на објектот.

Во периодот од 2020 до 2023 година се реализирани четири сезони во кои фокусот на истражувањата беше насочен кон западниот крај на западниот пародос и просторот меѓу радијалните ѕидови во источната половина на summa cavea. Во западниот пародос беа документирани остатоци од подни нивоа и слоеви формирани во текот на доцната антика, по напуштањето на театарот, но и разрушените слоеви и нивоа од времето на употреба на објектот. Масивните разрушени слоеви се уште една потврда за земјотресот кој го погодил Стоби околу 300 година. Покрај оригиналните нивоа на употреба, истражувани се и нивоа и јами од периодот пред изградба на театарот. Во источната половина на summa cavea се истражувани неколку радијални коридори со нивоа и слоеви формирани по напуштањето на театарот, во текот на доцната антика и средниот век. Истовремено, добиени се и драгоцени нови информации за организацијата на кавеата и циркулацијата на публиката во текот на трите фази од изградбата и функционирањето на театарот.

*СЕКУЛОВ Ване*

## Ритуално „убиеното“ оружје од Црвено Поле

Жителите на Црвено Поле ги погребувале своите покојници во две некрополи лоцирани речиси една до друга.

Првите погребувања се на некрополата Гуштерова Чукарка,

започнувајки од крајот од I век од н.е. Сите гробови имаат камени венци околу правоаголната гробна јама. Речиси сите венци имаат тркалезна форма, многу ретко елипсовидна до 4 m во дијаметар.

Жителите на Црвено Поле верувале дека душата на починатиот продолжува да живее на местото каде што бил погребан и затоа неговиот вечен дом бил снабден со сè што ќе му треба за животот по животот.

Во гробовите од жените и децата најчесто се приложувале керамички садови, поретко накит и многу ретко мал нож.

Во гробовите од починатите мажи, меѓу другото, го оставале неговото лично оружје. Најбројни меѓу нив се ножевите и копјата. Копјата одат во пар речиси секогаш, освен во еден случај, и секогаш со друг вид оружје. Секогаш се придружени со борбени ножеви и секири, а во неколку случаи и со мечеви.

Оружјето било демилитаризирано пред да биде положено во гробот од неговиот сопственик. Тоа било или свиткано или со отсечен врв. Ритуал познат како „убивање“ на оружјето.

*КУЗМАНОСКИ Игор*

**Прилози со апотропејско-профилактички карактер во детските гробови од југоисточната некропола во Скупи**

Проучувањето на инфантијата и воопшто на детскиот свет во римската археологија добива посебно место токму поради специфичниот статус којшто го заземаат децата во рамките на римското општество. Оваа посебност освен што е одредена од самата физичка природа, се отсликува и во бројни други аспекти, а меѓу покарактеристичните е специфичниот погребен ритуал и третман кој во последно време добива сè поголемо внимание при проучувањето на римските фунерарни практики.

Поради нивната, условно речено, кревка природа, која резултирала со висок детски морталитет, децата, но исто така и жените, биле сметани за послаба и ранлива категорија на римски граѓани, а со тоа и посебно подложни на малигни влијанија, поради што имале поголема потреба од носење посебни амајлии и предмети со магиска вредност за нивна заштита и лечење. Затоа и по правило оваа категорија предмети, со мал број исклучоци, ги наоѓаме претежно во гробовите на деца и жени и тоа посебно кај тие од помлада возраст.

За да се спречи лошиот тек на судбината и жителите на Скупи прибегнувале кон примена на вакви магиски дејствија. Во овој труд ќе се осврнеме токму на овој вид амулети и предмети со апотропејско-

профилактички карактер кои се откриени само во детските гробови од југоисточната некропола во Скупи, но и тие и кои се специфично поврзани со оваа возрасна група. Ќе ја разгледаме нивната основна функција и значење, како и карактеристичниот развој и застапеност во рамките на различните детски возрасни групи од периодот на инфантијата.

*ИВАНОВА Јулијана*

**Римските кремации на Коколов Рид - истражувања 2015 - 2022 година**

Со археолошките истражувања на локалитетот Коколов Рид во с. Виничка Кршла, Општина Виница, во периодот од 2015 - 2022 година се откриени 21 погребување со кремации на просторот северно од тумулот 2. Мал дел погребувања се распоредени на периферијата кај тумулот 2, а поголемиот се дел од некропола покриена со нафрлани камења и се распоредени на источната падина од тумулите 3 и 4. Според нивната позиција се заклучува е дека постарите тумуларни погребувања биле респектирани. Погребните конструкции се едноставни плитки јами вкопани во карпата, имаат овална и правоаголна форма заокружени со поголеми камења и се покриени со поголеми концентрации на камења. Телата на покојниците во најголем број случаи биле спалувани на клада, а во неколку случаи на самото место во гробните јами. Според откриениот материјал кој претежно се состои од керамички садови кои биле депонирани како гробни прилози и според монетите откриени во некои од нив, датирањето на погребувањата кои се позиционирани на источната падина е средината на IV век. Керамичките садови од кои најчести форми се чиниите, чашите, бокалите и грнињата се изработени од квалитетна глина. Повеќето се од типот на т.н. сива македонска керамика и се декорирани со релјефни и печатени орнаменти изведени по пат на втиснување и врежување.

**Четврток, 19.10.2023**
**шеста сесија, 16:00 - 17:30**

*АНГЕЛОВСКИ Бошко, НАЦЕВ Трајче*

## Рударството во праисторијата и антиката во РС Македонија

Рударството како потенцијал имало силно влијание во формирање и развој на цивилизациското живеење уште од најраните епохи на праисторијата. Во тој контекст, непосредните и посредни импулси на таа активност се присутни во повеќе наши региони, иако не секогаш за тоа постојат експлицитни траги. Имено, рударењето може да се следи речиси во сите периоди од праисторијата, а како аргумент за тоа е присуството на траги од материјалната култура, односно квантитетот на метални предмети.

Првите поконкретни траги од експлоатација на рудните наоѓалишта кај нас можат да се проследат уште во периодот на раната антика, за кои покрај конкретни остатоци од печки за топење на згура и метали, постојат и пишани податоци преку кои индиректно може да се набљудуваат и потврдат активностите. поврзани со рударството и металургијата.

Поради степенот на истражување на рударските населби кај нас или поради фактичката состојба, може да се каже дека рударството својот врв или институционализација го доживува во периодот на римската доминација, особено во време на доцната антика. Постојат бројни потврди за развој на рударството во овој период, а новина е постоењето рударски утврдувања, како и присуството помали воени единици кои се занимавале со одржување на безбедноста на рудниците, односно процесот на експлоатација и транспортирање на рудата до нејзините крајни дестинации.

*ЛИЛЧИЌ АДАМС Виктор, ЈАКИМОВСКИ Антонио, ШИРТОВСКИ Игор, ТРЕНЕСКИ Горан*

## Елементи за убикација на античките градови: Идомене на Исар, Марвинци и Добер на Исар, Валандово

Убикациите на античките градови Идомене и Добер низ минатите децении се развлекоа во разни насоки. Идомене: Градиште, Смоквица (К. Ристов);

Градишор Мрамор (В. Соколовска); Валандово (И. Микулчиќ). Добер: Исар, Марвинци (В. Соколовска); Цареви Кули, Струмица (И. Микулчиќ). Врз основа на нашите истражувања, изнесуваме археолошки елементи за убикација на Идомене на Исар, Марвинци а Добер на Исар, Валандово.

*ТЕМЕЛКОСКИ Душко, МИТКОСКИ Александар, КРСТЕСКИ Владимир, ЈАНДРЕСКА Оливера*

## Заштитни археолошки истражувања на локалитетот Манастирче, Кадино Село

Во 2023 година прилепскиот Завод и музеј изврши заштитни археолошки ископувања на локалитетот Манастирче кај Кадино Село. Конкретно, се истражуваше негов периферен јужен сегмент кој припаѓа на атарот на соседното село Галичани. Претходно, површински се забележани движни наоди (фрагментирана садова и градежна керамика), датирани од доцноантичко време па сѐ до османскиот период. Според остатоците од градбта за која жителите од двете села веруваат дека била постар христијански храм, наоѓалиштето го носи топонимниот назив Манастирче. Истражени се пет контролни рова и две сонди. Конкретни културни хоризонти на средна длабочина од 0,40 m се дефинираа во рамките на сондата 2 и во анексот на контролниот ров 3. Во сондата 2 се евидентирани повеќе мали јамички, веројатно од дрвени колци кои биле дел од ѕидна архитектура на недефинирани градби.

Во анексот на контролниот ров 3 се откриени шест јами со неправилни форми, оформени со издлабување во здравица. Според првичните анализи, овие јами биле долни делови од објекти од привремен карактер кои служеле како придружни стопански простории за чување на прехранбени намирници. Објектите имале надземен дел - ѕидна и покривна конструкција која ја сочинувале преплети од гранки и слама. Во основите на јамите се евидентирани поголем број мали кружни јамички во кои биле вкопувани колците од ѕидната конструкција. Пронајдените движни наоди (претежно фрагменти од керамички садови со геометриска декоративна орнаментика, меѓу кои доминираат грнци, лонци и црепни) ги датираат објектите во временски интервал од IV до VI век.

Пронајдените фрагменти од керамички градежни тули во истражените површини, но и со површинско рекогносцирање, наведуваат постоење надземни градби од цврста градба. Исто така, неколку карактеристични наоди го потврдуваат претпоставениот хронолошки опсег на користење на просторот: бронзена монета на македонскиот коинон од римскиот царски

период, бронзена „чанкаста“ монета и фрагменти од садови со глазура врз бела енгоба од доцновизантиско време и типични садови со глазура и оловни проектили за огнено оружје од османскиот период. Вреден наод претставува фрагментот од бронзена двонавојна фибула од VII век пр. н.е. како значајно сознание за мошне рано користење на просторот.

*КОВАНЏАЛИЕВ Златко*

## Стоби - истражувања на просторот меѓу Теодосијанска палата и објектот Затвор во 2019 година

Истражувањата на просторот меѓу Теодосијанската палата и објектот Затвор се започнати во 2014 година, како дел од Меѓународната летна школа за археологија која Националната установа Стоби ја реализира со Фондацијата Балканско наследство од Бугарија. До 2017 година, на посочениот простор целосно беше откриен објектот А, а делумно и две улици кои биле во функција во втората половина на VI век од н.е. Во 2018 година истражувањата продолжија источно од објектот А, а веќе во следната 2019 година беа дефинирани границите на објектот Б.

Во 2019 година истражувањата беа насочени кон откривање разрушени слоеви од објектот Б. Притоа, северно од објектот, под нив се откриваше северната улица која во VI век од н.е. веројатно ги поврзувала најмладите фази од улиците Via Principalis Inferior и Via Principalis Superior. Источно од објектот Б парцијално се откри уште една улица, работно наречена источна улица, над која, меѓу паднатите камења од ѕидовите на објектот, се пронајде мермерна скулптура со претстава на богот Дионис во придружба на пантер.

Истата година се започна со истражувања и во просторијата 1 од објектот В, кој е лоциран меѓу објект А и т.н. Затвор.

*ЏИДРОВА Љубинка, МИХАЈЛОВСКИ Роберт*

## Партениус и неговото време

При изведба на градежни зафати - поставување водоводна мрежа во непосредна близина на Симиќевата Кула во Кратово, неодамна било исфрлено помало количество движни археолошки наоди. Се работи за фрагменти од неколку керамички садови што биле пронајдени од страна на еден од авторите во исфрлениот куп земја, по завршувањето на градежните работи. Целта на предложеново излагање е да ги претстави овие наоди

пред стручната јавност. Иако скромни по обем и од несигурен контекст, некои од пронајдените предмети се хронолошки мошне податливи и фрлаат светло врз еден период од минатото на градот Кратово кој досега само се насетуваше. Во вториот дел од излагањето ќе се направи обид да се сумираат досега познатите факти за археолошките остатоци од раната антика во Кратово и Кратовско со цел новооткриените наоди да бидат

***Четврток, 19.10.2023***
***седма сесија, 17:15 - 19:15***

согледани во еден поширок контекст.

*SNIVELY Carolyn, SANEV Goran*

## Recent discoveries at Golemo Gradište, Konjuh, Kratovo

Perhaps the most interesting recent discoveries at Golemo Gradište, the anonymous Late Antique city located on the Kriva River in the northeast part of North Macedonia, came to light southwest of the fortified settlement. Completion of the investigation of the small church located on a knoll above the modern and ancient road showed that parts of it were better preserved than expected, with patches of a tiled floor in the nave, although the west end of the building had been completely destroyed. On the cliff only ca. 40 m northwest of the church, several rock-cut tombs were discovered. Although plundered long ago, two of them preserved perforated slabs at the bottom. Nearby a kiln came to light in a cemetery area, probably a lime kiln, unfortunately not able to be closely dated.

On the northern terrace excavation continued in the space identified as a public square in front of the square building and the northern residence. Only drain channels appeared in the southern part, but to the north the walls of a building with rooftiles came to light, possibly dismantled to the level of the pavement of the public plaza. In the square building, the kitchen in the northwest corner was entirely investigated. From it a corridor led south, ending in a staircase and probably an exit to the hypothetical street west of the square building. The staircase confirmed our hypothesis about a second story whose walls were of mudbrick or terrepisé.

*РИСТОВ Киро*

## Таор - северозападна кула

Текстот е насочен кон истражување и откривање на северозападната кула на локалитетот Градиште, Таор. За првпат кулата е откриена и започната со истражување во 2008 година. Со истражувањата на локалитетот во текот на 2010 година се откриени северниот и западниот одбранбен ѕид кои се соединуваат на северозападната страна од централната населба, но кулата не беше истражувана. Истражувањата на кулата се преземени 2021 година, кога е и целосно откриена. Нејзината позиција на овој дел од локалитетот е во функција на дефанзивната одбранбена концепција на утврдувањето. Со нејзиното откривање целосно е дефиниран одбранбениот ѕид на населбата.

*ЃОРЃИЕВСКИ Дејан, ПЕТКОВСКИ Мирослав*

## Градиште, с. Пчиња, Бислимска Клисура. Доцноантичка црква и фортификација

Локалитетот претставува најзачувано утврдување од доцноантичкиот период во регионот. По извршените геофизички истражувања, направени се две помали ископувања со кои е пронајдена црква и делови од постарите фази на фортификацијата на источната страна на тврдината. Според досегашните сознанија, станува збор за црква која била обновувана повеќепати и засега знаеме дека егзистирала во V и VI век, додека сè уште немаме доволно показатели за крајот на живеењето на населбата и црквата.

*ЛИЛЧИЌ АДАМС Виктор, АТАНАСОВ Владимир, ШИРТОВСКИ Игор, ИЛИЕВСКИ Александар, ИЛИЕВ Јовица, СТОЈАНОВСКИ Антонио*

## Кула, Бабино, античка аргеадска и антигонидска воена база на Еригон

Во горниот тек на реката Еригон (Црна Река) во демирхисарскиот крај истражувавме и документиравме остатоци од голема фортификација, што според недвижните и движните наоди беше идентификувана како масивна античко-македонска воено-стратегиска база во која биле сместувани македонски воени единици во периодите на владеењето на Александар III Македонски, Касандар, Деметриј I Полиоркет и Антигон Гонатас. Откриени

се елементи според кои се гледа дека ова утврдување било повторно употребувано во доцната антика, и тоа од III - VI век од н.е.

*ИВАНОВИЌ Радомир*

**Осврт кон геофизичките истражувања спроведени од Археолошкиот музеј**

Геофизичките истражувања се еден од неинванзините пристапи во археолошката проспекција која овозможува препознавање на природните и археолошките подземни аномалии без какво изместување во земјата. Толкувањето на податците е засновано врз анализа на контрастот меѓу природната геолошка подлога и видливите аномалии.

Стручната екипа од Археолошкиот музеј со уредот GPR MALA HDR 450 MHz по обуката спроведена 2019 година досега има спроведено дузина снимања на различни локалитети. Покрај истражувањата кој се во рамките на активностите на Музејот, спроведени се истражувања за потребите на различни институции од областа на културата во нашата држава. Дел од резултатите од овие истражувања се веќе археолошки потврдени, а за дел сè уште се чека потврда. Во овој труд ќе се презентираат сите истражувања што се досега спроведени, како и резултати од археолошките истражувања на овие локации.

***Петок, 20.10.2023***
***осма сесија, 9:00 - 10:30***

*САНЕВ Горан*

**Градиште Неготино, садова керамика од класичниот период**

Систематските археолошки истражувања на локалитетот Градиште кај Неготино од 2009 година до денес континуирано ја збогатуваат претставата за долгата историја на непознатиот антички град, откривајќи бројни фази од неговото постоење и развој, од доцното железно време до доцноримскиот период. Од првите истражувања на локалитетот во раните 1980-ти години

и поставувањето на хипотезата за негова идентификација со античкиот град Антигонеја, една од важните цели на нашите истражувања е добивање повеќе податоци за предримските фази на градот и евентуални докази во прилог на предложената идентификација. Истражувањето на тие културни слоеви е просторно ограничено поради комплексната стратиграфија на локалитетот, но од друга страна, не е мал бројот на движни и недвижни наоди кои се доказ за неговата урбанизација и економски и трговски релации со градовите од соседството, северното егејското крајбрежје и Мала Азија во текот на класичниот и хеленистичкиот период. Текстот ги претставува досегашните сознанија за класичниот период на Градиште - Неготино со фокус на наодите на увезена и локална садова керамика. Истражувањето се реализира преку соработка меѓу Археолошкиот музеј од Скопје и Универзитетот Гдањск од Полска.

*KOPERKIEWICZ Arkadiusz, SEKUNDANicholas*

## The Hellenistic 'Herdraumhaus' in Sector C5, NegotinoGradište

Excavations were carried out on the remains of a Hellenistic House from Sector C5 at the NegotinoGradište from 2009 until 2015 by a international team from the National Archaeological Museum of North Macedonia and the University of Gdańsk. Although the plan of the house is not revealed completely, we should be justified in identifying the plan of this house as conforming to a'Herdraumhaus', or 'Hearth Room House'.

The ' Herdraumhaus' was first distinguished from other types of Hellenistic house in the southern Balkan area by German excavators working on the site of Ammotopos in Epirus, and they distinguished examples of the same kind of house plan at Kassopi, also in Epirus. This is the first example of this type of house, to the knowledge of the excavators, in the territory of the Republic of North Macedonia.

In this type of house, the principal room is a large space with a big central hearth, giving access to two smaller rooms, and a large semi-subterranean storage room. In current reconstructions of this type of urban the actual 'Herdraum' is thought to be a space which was roofed over. This reconstruction is contrary to the archaeological evidence from NegotinoGradište, which suggests that the 'Herdraum' was open to the sky. At NegotinoGradište the 'Herdraum' was filled up with a massive number of broken tiles, which had slid into the 'Herdraum' from the surrounding ancillary rooms.

*MOSIEJCZYK Jakub*

## Preliminary results from NegotinoGradište research 2019 - 2022 - archaeological and environmental data from sector D5

The paper presents the preliminary results of the archaeological research at NegotinoGradište in 2017, in Sector D5, jointly conducted by experts from the National Archaeological Museum of North Macedonia, in Skopje, and the Institute of Archaeology of the University of Gdańsk. Sector D5, located at the top of the site, numerous stoves dating to the Roman period were discovered. These features were used in diverse economic activity, but especially for food production. In 2022 the features in sector D5 were fully explored and flotation of remains were carried out. They indicated the presence of cereal species typical of the Balkan region and the use of Vicia arvilla seeds. Microscopical analysis of pieces of burnt wood determined the type of firewood used in the furnaces. They were also used in C14 dating. Finally analyses of ancient snail shells provide new data for climate reconstruction. Complex information on economic activity, cultivated plants, organization of wood supplies, and ancient climate in the Roman and pre-Roman Middle Vardar Valley was obtained.

*ГЕРАСИМОВСКА Дафина, ПЕТРОВ Орданче*

## Бела Земја - Пепелиште, резултати од истражувања 2013 - 2017 година

Во периодот од 2013 до 2017 година со прекини се извршија сондажни археолошки истражувања на локалитетот Бела Земја - Пепелиште. Локалитетот се наоѓа на зарамнето плато покрај реката Вардар, на местото каде го формира големиот меандар на Пепелишкото Поле. Заради интензивните земјоделски активности во минатото поголем дел од археолошките структури се уништени или можат да се пратат само во траги. Сепак, откриениот интактен објект нуди доволноподатоци за хронолошка детерминација и одредување на неговата намена. Движните археолошки наоди го датираат истражениот објект во периодот од крајот на III до крајот на IV век, додека карактерот на наодите, како и архитектонските особености укажуваат дека веројатно станува збор за објект со стопанска намена во рамките на еден поголем полски имот распослан во овој дел од полето.

*ЛИЛЧИЌ АДАМС Виктор, ФАСОЛО Микеле, ЈАКИМОВСКИ Антонио, ТРЕНЕСКИ Горан*

## Via Axia во античката епоха

Долж долината на реката Вардар, Аксиј во епохата на антиката, биле користени и двата брега за патување. Земени се предвид резултатите од археолошките истражувања на неколку археолози. Меѓутоа, нашиот истражувачки тим во последните години со методот на археолошки рекогносцирања ги дополни сознанијата за двете магистрали, откривајќи досега непозната западна магистрала меѓу Велес и Скопје, ги допрецизира убикациите на античките градови: Стена, Идомене, Добер и ја потврди местоположбата на Тауријана. Со голема сигурност е прецизирана трасата на Via Axia од римскиот период на релацијата од Тауријана до Велес. Останува проблематична трасата од Велес до Скупи во контекст на Појтингеровата карта.

***Петок, 20.10.2023***
***девета, 10:45 - 12:15***

*ШТЕРЈОВ Митко, СЕРАФИМОВА Маринела*

## Извештај од истражувања на локалитетот Пилав Тепе - северна некропола 2021 - 2023 година

Во 2021 и 2023 година на локалитетот Пилав Тепе во село Шопур (с.Брест) беа извршени археолошки истражувања на северното плато. На овој простор се истражени 20 надгробни конструкции со 22 скелети и делумно е откриен еден објект - базилика. Гробовите се покриени со масивни монолитни камени плочи со ориентација запад - исток со различни форми и димензии. Надгробните конструкции, масивни монолитни камени плочи, на гробовите од западната и источната страна имаат по еден камен маркер, со неколку исклучоци. Камените маркери се поставени вертикално и навлегуваат во гробната јама. Од истражените 20 гроба, сите 22 погребувања се инхумација. Скелетите се добро зачувани, освен черепите кои заради тежината на камењата и земјата се смачкани, но секако има и исклучоци, односно

целосно зачувани черепи. Во 2023 година се продолжи со истражувања на ѕидот кој се откри во 2021 година, при што делумно се откри еден сакрален објект - базилика. Базиликата е со големи димензии со досега истражени 19,50 m во правец исток - запад. Погребувањето на северната некропола на локалитетот Пилав Тепе е извршено по опстојувањето на базиликата. Ова ни го докажуваат одредени погребувања кои се изведени надвор и внатре во откриениот дел од базиликата, како и камената пластика која секундарно е употребена како дел од гробните конструкции.

*ЦВЕТАНОВ Душко*

**Археолошки истражувања на локалитетот Св. 40 севастиски маченици -**
**с. Банско, Општина Струмица, 2023 година**

Локалитетот Св. 40 севастиски маченици се наоѓа на околу 0,5 km северно од селото Банско, односно 10 km југоисточно од градот Струмица. Во близина на овој локалитет се наоѓа римското термално лекувалиште, како и доцноантичкото/средновековното утврдување Мал Кајаси (Термица). Овој манастирски комплекс бил изграден покрај една од најбитните средновековни комуникации, кои, поминувајќи во Подбеласичкиот Регион, ја поврзувале Струмица со патниот правец кој води по р. Струма, а со тоа и до градовите Сер и Константинопол. Поседувањето синтронос во апсидата на црквата се доволна потврда за значењето на овој сакрален објект, што упатува на заклучок дека бил епископско седиште. Според архитектонската изведба и живописот, црквата била изградена во крајот XI почетокот на XII век.

Со археолошките истражувања во 2023 година беше истражуван просторот северно од црквата, каде беа открини подоцнежни фази на доградувања извршени врз сакралниот објект. Покрај истражувањето на остатоците од архитектурата, се истражуваше и дел од средновековната некропола. Од досега откриените дваесет погребувања, според гробните прилози некрополата ја датираме од XII - XIII век. Во близина на црквата има показатели за постоење придружни објекти кои биле во функција на целокупниот сакрален живот. Сметаме дека истражувањето на овој локалитет во иднина ќе даде значајни податоци за средновековната духовна традиција на Струмица и Струмичко.

*ЏИДРОВА Љубинка*

## Угоре по скалилата до Рајот

Со своето милениумско постоење во рамките на медитеранските цивилизации, со Средоземното Море, не како пречка туку како медиум за поврзување и олеснување на преносот на културни и историски врски и влијанија, директно врз нивните традиции поникнува и се развива денешната култура на територијата од Република С Македонија. Еден од најсилните изблици на оваа милениумска култура по која Македонија е позната ширум културниот свет уште од крајот на XIX век претставува монастицизмот, огранок на раната христијанска култура со која паралелно се развива и кој со самото постоење на ова парче земја во рамките на Византиската Империја го воприма иницијалниот импулс за развивање на локалните урбани центри како седишта на локалните црковни епархии и манастирски центри. За жал, овој втор аспект во најраниот период на негово организирање кај нас е помалку осознаен, особено за најраниот период на раното христијанство, како и раниот среден век, најчесто само насетуван и оддалеку следен до неговиот доцен развиток во полниот среден век. Ова како последица го има слабото познавање на раните светителски култови кои се востановени на македонската почва со значителен број на ранохристијански цркви кои укажуваат на постоењето на рани светителски култови и развиток на мартиријалните светилишта во рамките на раните црковни центри. Дури ни самата поставеност на оваа земја долж на една од најфреквентните комуникации како дел од апостолската култна патека - Via egnatia, по која освен војските и трговците или заедно со нив, циркулирале и бројни поклоници на христијанската вера, доаѓајќи од Западот кон Светата Земја и источните христијански светилишта или враќајќи се назад со своите реликвии, библиски или хагиографски текстови. Посебно внимание во овој контекст ќе биде обратено на пештерските монашки живеалишта и цркви, познати, главно, од постарите истражувања на еминентни историчари на уметност, но не и од археолошките истражувања.

*АТАНАСОВ Раде*

## Систематски археолошки ископувања на локалитетот Циганска Затока, населба Брушани, Тиквешко Езеро, Кавадарци

Локалитетот Циганска Затока се наоѓа на самиот брег од Тиквешкото Езеро, во близина на населбата Брушани, на околу 500 m северно од локалитетот

Островот - Градот, и на околу 200 m западно од локалитетот Пешково Ритче. Археолошкиот локалитет Циганска Затока првпат е евидентиран во 2021 година, а главна причина за тоа е што долги години бил под водите на Тиквешкото Езеро. Со енормното спуштање на нивото на водата во езерото остатоци од овој локалитет се појавија на површина. Со систематските археолошки ископувања во 2023 година се откриени средновековни погребувања со инхумирани покојници. Целта на оваа презентација е да ги претстави резултатите од истражувањата и да ги спореди со веќе истражените средновековни некрополи од околината, како што се Пепелиште близу Неготино и Крстеви близу Демир Капија. Откриените погребувања се инхумации кои изобилуваат со гробни дарови, претежно белегзии, обетки и прстени. Во оваа кампања истражени се 13 гроба, од кои 6 се неоштетени, додека 7 се растурени како последица на поплавувањето од Тиквешкото Езеро. Во овие погребувања се пронајдени 54 примероци на средновековен накит.

*АТАНАСОВА Илинка*

**Прилог кон средновековниот накит во Македонија**

Еден случајно откриен гробен наод од Кочани, во 2021 година е пријавен како накит откриен од гробна целина пред новоизградена црква на м.н. Тодорица во Кочани, локалитет кој дотогаш не бил евидентиран како археолошко наоѓалиште во Археолошката карта на Република Македонија. Водени од желба да не биде занемарен, овој случаен наод се презентира како прилог кон дополнување на сознанијата за средновековниот накит во Македонија.

Со оглед на отсуство од меродавна техничка и фотодокументација добиените информации се земени со резерва а акцентот е ставен на движниот наод и информациите кои ги нуди.

При расчистување и рамнење на дворната површина пред новоизградената црква, веднаш под површинскиот слој бил откриен плиток гроб. Вкупниот движен наод се состои од десет цели или фрагментирани стаклени белегзии, четири бронзени, една гроздовидна обетка, две бронзени алки и еден недефиниран метален предмет, сите откриени во една конструкција на неправилна камена циста без покривни плочи и без површинско обележје.

Наодот може да се смести во пошироки типолошки рамки од крајот на X до XIII век. При обработката ставен е акцент на белегзиите од стакло и стаклена паста со осврт на контекстот во кој тие биле откривани и

симболиката која ја носат со себе откриените аналогни примероци во евидентираните средновековни некрополи во непосредното и пошироко опкружување.

*СЛАМКОВ Емил*

## Погребувања од средниот век на Вардарски Рид-античка Гортинија

Локалитетот Вардарски Рид-античка Гортинија е простор на кој интензивно се живеело во текот на околу илјада години, низ целиот прв милениум пред Христос. Со тоа тој е еден од најзначајните локалитети за познавањето на протоисторијата и раната антика во Повардарието.

Локалитетот зазема централна позиција во околината, со доминантна и стратешка положба над Гевгелиско поле, градот Гевгелија и долината на Вардар. Го сочинуваат два карпести рида, споени со заедничко благо седло, отворен од едната страна кон коритото на Вардар, а од другата кон ниските терени спрема денешна Гевгелија. Со таква позиција и морфолошки особености, Вардарски Рид со векови бил централна и единствена погодна населбинска локација во регионот со што на целата негова површина биле таложени остатоци од живеење и погребувања од готово сите археолошки периоди. Со тоа бил создаден еден од најкомплексните археолошки локалитети - наоѓалиште со сложена стратиграфија, разновидни и разновремени културни остатоци.

Досегашните откриени погребувања во рамките на населбата, датирани во различни временски периоди, укажуваат на тоа дека делови од локалитетот биле користени како сакрален простор. Сепак, изгледа дека во средниот век по целата површина на локалитетот сегментно се вршени погребувања во постарите културни слоеви. Така, на јужната тераса се откриени седум погребувања, а во непосредна близина на некрополата од бронзено време (Рид 1, Сектор 14), западно од неа во правец на Сектор 7 (средновековна некропола), откриени се уште девет гробни конструкции од овој временски период. Населбински остатоци од средниот век на локалитетот досега не се откриени, така да населбата во која било големина може треба да се бара на друга позиција во непосредна близина на Вардарски Рид. Затоа, поради отсуството на каков било друг археолошки материјал, немањето податоци за попрецизни толкувања на средновековните културни остатоци, останува само стратиграфски да се потврди нивното присуство на локалитетот.

АНГЕЛОВСКИ Бошко
д-р Бошко Ангеловски, научен советник
Институт за страсоловенска култура – Прилеп
Ул. Кичевско џаде, бб, Прилеп
boshko81@hotmail.com

АРЏАНЛИЕВ Перо
м-р Перо Арџанлиев, кустос советник
НУ Археолошки музеј на Република Северна МАкедонија
Ул. Кузман Капидан 82, 6000 Охрид
Perekutika@yahoo.com

АТАНАСОВ Владимир
М-р Владимир Атанасов, водич/едукатор
НУ Археолошки Музеј, Скопје
Кеј Димитар Влахов бб, Скопје
vac_1988@hotmail.com

АТАНАСОВ Раде
Раде Атанасов, виш кустос
Локален Музеј и Галерија Кавадарци
7 Септеври, бр. 58
atanasov.rade@yahoo.com

АТАНАСОВА Илинка
Илинка Атанасова, кустос советник
НУ Археолошки музеј на Р С Македонија- Скопје
Гоце Делчев – 109, Кочани
Ilinka.atanasova@gmail.com

АТАНАСОСКА ВРХЕЛ Невенка
Невенка Атанасоска Врхел
Универзитет на Јужна Бохемија-Чешке Будејовице
atanan00@ff.jcu.cz

БАЛМЕР Ариан
Ариан Балмер,
Институт за археолошки науки, Универзитет во Берн, Берн
mail@arianeballmer.com

БОЛИГЕР Матијас
МатијасБолигер
Институт за археолошки науки, Универзитет во Берн, Берн
matthias.bolliger@be.ch

| | |
|---|---|
| ВАСИЛЕСКА Цветлана | Цветлана Василеска, виш кустос<br>НУ Музеј „д-р Никола Незлобински“ - Струга<br>Боро Калајџиески бр. 69, Струга<br>ckocoska@gmail.com |
| ВАСИЛКОВА МИДОСКА Анита | д-р Анита Василкова Мидоска, кустос советник<br>ЛУ Народен музеј Велес<br>ул. 8-ми Септември бр. 22, Велес<br>anitavasilkova@gmail.com |
| ВЕРЧИК Марек | д-р Марек Верчик<br>Карлов Универзитет-Прага<br>marek.vercik@ff.cuni.cz |
| ГЕРАСИМОВСКА Дафина | д-р Дафина Герасимовска, насловен доцент<br>Филозофски факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје<br>Бул. Гоце Делчев 9а, Скопје<br>gdafina@yahoo.com |
| ДАНЕВ Александар | Александар Данев<br>ЛУ Народен музеј Свети Николе<br>ул. Плоштад „Илинден“ бр. 18, Свети Николе<br>buvce_soon@yahoo.com |
| ДОНЕВ Дамјан | Дамјан Донев, научен соработник<br>Институт за Национална Историја, Скопје<br>Григор Прличев 3, 1000 Скопје<br>damjaned@gmail.com |
| ДОНЕВСКИ Јаким | Јаким Доневски, стручен соработник<br>Музеј на град Кратово<br>Ѓорѓи Кратовски 6б, Кратово<br>donevskijakim@yahoo.com |
| ЃОРЃИЕВСКА Лидија | Лидија Ѓорѓиевска<br>Климент Охридски 35 Велес<br>l_gjorgjievska@yahoo.com |

| | |
|---|---|
| ЃОРЃИЕВСКИ Дејан | Дејан Ѓорѓиевски, виш кустос<br>НУ Музеј Куманово<br>Доне Божинов 24, Куманово<br>dejangorgievski@gmail.com |
| ИВАНОВА Јулијана | Јулијана Иванова, кустос советник<br>Локален археолошки и историски музеј<br>„Теракота"- Виница<br>ул. „Бел Камен" бр.13, Виница<br>julijanai@yahoo.com |
| ИВАНОВИЌ Радомир | м-р Радомир Ивановиќ, виш кустос<br>НУ Археолошки Музеј Скопје<br>Кеј Димитар Влахов 66<br>ivanovicradomir@gmail.com |
| ИЛИЕВ Јовица | Јовица Илиев<br>Локален археолошки и историски музеј<br>„Теракота"- Виница<br>ул. „Бел Камен" бр.13, Виница<br>jovica69iliev@gmail.com |
| ИЛИЕВСКИ Александар | Александар Илиевски<br>Национална установа Стоби<br>Археолошки локалитет Стоби, 1420 Градско<br>aleksilievski777@gmail.com |
| ЈАКИМОВСКИ Антонио | д-р Антонио Јакимовски, редовен професор<br>Филозофски факултет - Скопје<br>Бул. Гоце Делчев, 9а, Скопје<br>antonio@fzf.ukim.edu.mk |
| ЈАНДРЕСКА Оливера | Оливера Јандреска, виш кустос<br>НУ Завод и Музеј Прилеп<br>Александар Македонски 400<br>oliveravera@gmail.com |
| KOPERKIEWICZ Arkadiusz | Dr. Arkadiusz Koperkiewicz<br>University of Gdańsk, Poland<br>ul. Wita Stwosza 55, 80-308 Gdańsk<br>arkadiusz.koperkiewicz@ug.edu.pl |

КОВАНЦАЛИЕВ Златко
м-р Златко Кованцалиев, виш кустос
Национална установа Музеј - Гевгелија
Ул. Деко Ковачев 16/1-19, Гевгелија
zlatkokovancaliev@gmail.com

КРСТЕСКИ Владимир
Владимир Крстески, конзерватор
НУ Завод и Музеј Прилеп
Александар Македонски 400
vladokrsteski03@yahoo.com

КУЗМАН Паско
м-р Паско Кузман
Вапилон
Крсте Мисирков 8, Охрид
paskokuzman@gmail.com

КУЗМАНОСКИ Игор
м-р Игор Кузманоски, кустос советник
ЈУ Музеј на град Скопје
ул. Коле Неделковски бр.5/2-6, Скопје
igorkuzmanoski@gmail.com

ЛЕЈСИ Сара
д-р Сара Лејси, доцент
Универзитет во Делавер (САД)
salacy@udel.edu

ЛИЛЧИЌ АДАМС Виктор
д-р Виктор Лилчиќ Адамс, редовен професор
Филозофски факултет - Скопје
Мавровска 21 Ѓорче Петров 1060
viktorlilcik@gmail.com

МАЧКОВСКИ Андреј
м-р Андреј Мачковски
Универзитет во Берн
Mittelstrasse 43, 3012, Bern
andrej.maczkowski@unibe.ch

МИТКОСКИ Александар
Александар Миткоски, кустос советник
НУ Завод и Музеј Прилеп
Александар Македонски 400
amitkoski@yahoo.com

| | |
|---|---|
| МИТРЕВСКИ Драги | д-р Драги Митревски, редовен професор<br>Филозофски факултет, УКИМ<br>Ул. Гоце Делчев 9а, Скопје<br>dragimit@yahoo.com |
| МИХАЈЛОВСКИ Роберт | д-р Роберт Михајловски<br>Ла Тробе Универзитет, Мелбурн<br>Melbourne Victoria 3086, Australia<br>R.Mihajlovski@latrobe.edu.au |
| MOSIEJCZYK Jakub | PhD Jakub Mosiejczyk<br>Polish Centre of Mediterranean Archaeology,<br>University of Warsaw<br>kubamosie@gmail.com |
| НАУМОВ Гоце | д-р Гоце Наумов, доцент<br>Центар за истражување на предисторијата<br>Киро Крстески Платник 9, 1000 Скопје<br>gocenaumov@gmail.com |
| НАЦЕВ Трајче | д-р Трајче Нацев, редовен професор<br>Универзитет " Гоце Делчев " Штип<br>Ул. Сремски фронт бр. 27/5, Штип<br>trajce.nacev@yahoo.com |
| НИКОЛОСКА Александра | д-р Александра Николоска, виш научен соработник<br>Истражувачки центар за културно наследство<br>„Цветан Грозданов"<br>Македонска академија на науките и уметностите<br>Бул. Крсте Петков Мисирков, Скопје 1000<br>anikoloska@manu.edu.mk |
| ПАВЛОВСКИ Гоце | м-р Гоце Павловски, кустос советник<br>Национална установа Стоби<br>Археолошки локалитет Стоби, 1420 Градско<br>goce.pavlovski@stobi.mk |
| ПАПАЗОВСКА Александра | д-р Александра Папазовска, кустос советник<br>НУ Археолошки музеј на РС Македонија<br>Кеј Димитар Влахов б.б.<br>papazsan@yahoo.com |

| | |
|---|---|
| ПЕТКОВСКИ Мирослав | Мирослав Петковски, виш кустос<br>НУ Музеј Куманово<br>Доне Божинов 24, Куманово<br>miki.petkovski10@gmail.com |
| ПЕТРОВ Орданче | д-р Орданче Петров, научен соработник<br>ЈНУ Институт за старословенска култура – Прилеп<br>Ул. Кичевско џаде, бб, Прилеп<br>ordance.petrov@gmail.com |
| РАЈХ Јоханес | Рајх Јоханес<br>Институт за археолошки науки, Универзитет во Берн, Берн<br>johannes.reich@unibe.ch |
| РИСТОВ Киро | м-р Киро Ристов, кустос советник во пензија<br>Музеј на град Скопје<br>Клепа бр. 1/1-4, Скопје<br>kiroristov57@gmail.com |
| САНЕВ Горан / SANEV Goran | м-р Горан Санев, кустос советник<br>НУ Археолошки музеј на РС Македонија<br>Кеј Димитар Влахов б.б.<br>goran_sanev@sfu.ca |
| SEKUNDA Nicholas | Dr. Nicholas Sekunda, professor<br>University of Gdańsk, Poland<br>ul. Wita Stwosza 55, 80-308 Gdańsk<br>nicholas.sekunda@ug.edu.pl |
| СЕКУЛОВ Ване П. | Ване П. Секулов, кустос советник<br>НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Струмица<br>Димитар Влахов 1-1, Струмица<br>v.p.sekulov@gmail.com |
| СЕРАФИМОВА Маринела | Маринела Серафимова, кустос<br>НУ Завод и Музеј - Штип<br>Кеј Маршал Тито бр.2, Штип<br>mace_serafimova@hotmail.com |

| | |
|---|---|
| СИНАДИНОВСКИ Перо | м-р Перо Синадиновски<br>Македонска 16, Делчево<br>arheoper@gmail.com |
| СЛАМКОВ Емил | Емил Сламков, кусос советник<br>Национална установа Музеј - Гевгелија<br>ул. Маршал Тито, бр. 26, Гевгелија<br>emilmuzejgev@gmail.com |
| SNIVELY Carolyn / СНАЈВЛИ Каролина | Prof. Carolyn Snively, PhD<br>Gettysburg College<br>Ul. Vladimir Komarov 15/20, Skopje<br>csnively@gettysburg.edu (karolstobi@hotmail.com) |
| СТОЈАНОВСКИ Антонио | Антонио Стојановски<br>с. Кутретино, Демир Хисар<br>babegutot@gmail.com |
| СТОЈАНОВСКИ Дарко | д-р Дарко Стојановски<br>Австриска Академија на Науки - Австриски Археолошки Институт / Универзитет Гоце Делчев-Штип<br>darko.stojanovski@aeow.ac.at |
| ТАНЕСКИ Бојан | Бојан Танески, виш кустос<br>НУ Завод и музеј Охрид<br>ул. Боро Шаин бр. 10, Охрид<br>bojantaneski@yahoo.com |
| ТЕМЕЛКОСКИ Душко | Душко Темелкоски, кустос советник<br>НУ Завод и Музеј Прилеп<br>Александар Македонски 400<br>duletem@yahoo.com |
| ТОДОРОСКА Валентина | м-р Валентина Тодоровска<br>Кеј 8ми Ноември бр.24/6, Струга<br>t.valentina23@gmail.com |
| ТРЕНЕСКИ Горан | Горан Треневски<br>ул. Кочо Рацин, 8/38, Скопје<br>goran.treneski@gmail.com |

| | |
|---|---|
| ХАФНЕР Алберт | д-р Алберт Хафнер, редовен професор<br>Институт за археолошки науки, Универзитет во Берн, Берн,<br>albert.hafner@unibe.ch |
| ХОШТЕТЛЕР Марко | Марко Хоштетлер<br>Институт за археолошки науки, Универзитет во Берн, Берн,<br>marco.hostettler@unibe.ch |
| ФАСОЛО Микеле / FASOLO Michele | Michele Fasolo, PhD<br>Archeomatica. Tecnologie per i beni culturali. Via Palestro 95, 00185 Roma<br>michele.fasolo@gmail.com |
| ФРАНЦУЗ Џон | Џон Француз<br>Институт за археолошки науки, Универзитет во Берн, Берн<br>john.francuz@faculty.unibe.ch |
| ЦВЕТАНОВ Душко | д-р Душко Цветанов, конзерватор советник<br>НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Струмица<br>ул. Младинска бр.95 - Струмица<br>duskocvetanov@live.com |
| ЧАУСИДИС Никос | д-р Никос Чаусидис, редовен професор<br>Филозофски факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје<br>ул. АФЖ бр. 9-6. 1000 Скопје<br>chausidis@gmail.com |
| ЏИДРОВА Љубинка | м-р Љубинка Џидрова<br>НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија – Скопје<br>Кеј Димитар Влахов бб, Скопје<br>ljubinkadzidrova@yahoo.com |

| | |
|---|---|
| ШИДАТ Сонке | Сонке Шидат<br>Оддел за хемија, биохемија и фармацевтски науки, Универзитет во Берн, Берн,<br>soenke.szidat@unibe.ch |
| ШИРТОВСКИ Игор | Игор Ширтовски, надворешно стручно лице<br>Управа за заштита на културното наследство<br>Ул. „Павел Шатев„ бр. 3, Скопје<br>i.sirtovski@uzkn.gov.mk |
| ШМОЛКОВА Маркета | Маркета Шмолкова<br>Карлов Универзитет-Прага<br>smolkova.market@seznam.cz |
| ШТЕРЈОВ Митко | д-р Митко Штерјов, кустос советник<br>НУ Завод и Музеј - Штип<br>Кеј Маршал Тито бр.2, Штип<br>sterjovgmitko@gmail.com |

Реализирано со финансиска поддршка на Министерството за култура

Република Северна Македонија

**Министерство за култура**